РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 15. 10. 2010 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 3777/1 | | |

07-05
ТРАЈНО
15.10.2010 год.

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02 и 82/08) и член 31 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/10 и 116/10), министерот за образование и наука ја утврди наставната програма по предметот ***виолина*** за III одделение на деветгодишното основно музичко образование.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ВИОЛИНА

ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2010

# ВОВЕД

Во деветгодишното основно музичко училиште на инструментот виолина може да се запишат ученици кои наполниле 7 години.

Целта на наставата по виолина е на учениците да им се развие љубов кон инструментот и музиката, да се оспособат за изразно солистичко, камерно и оркестарско музицирање, естетско и емоционално вреднување на музичките дела поткрепени со музички знаења по однос на нивната содржина и форма. Учениците се обучуваат и стекнуваат знаења, навики и вештини за изведување на музичките дела и се оспособуваат за самостојна работа на инструментот виолина. Наставната програма за виолина е да се оспособи ученикот технички да го совлада инструментот за понатамошно школување во средните и високите музички школи и да се изгради во добар сестран уметник.

Наставата се изведува индивидуално. На крајот на учебната година секој ученик полага годишен испит.

- Фонд на часови: 2 часа неделно, 72 часа годишно.
- **Статус на предметот: задолжителен.**

## 1. ЦЕЛИ НА ПРЕДМЕТОТ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД од I до III одделение

Ученикот/ученичката:

- да се запознае со инструментот и неговите карактеристики и изразни можности;
- да усвои потребни знаења за мелодиско и ритмичко читање и свирење на нотен текст;
- да научи да свири скали-дурски и молски во една две и повеќе октави;
- да ги запознае и проширува знаењата за изразните можности на инструментот;
- да се здобие со искуство за свирење на нотен текст со посложена ритмичко-мелодиска и хармонска структура;
- да стекне потребни знаења за правилна стилска интерпретација на музиката;
- да се оспособува за соло, камерно и оркестарско музицирање;
- да развива способности за доживување и изразување на музиката;
- да развива интерес кон инструментот и музиката;
- да развива љубов и интерес за изразување и доживување на музичкиот фоклор;
- да го развива музичкиот вкус и критичкото мислење;
- да биде информиран за истакнати музички уметници и творци во земјата и странство;
- да придонесува за збогатување на емоционалниот живот;
- да придонесува за негување на култивиран пријатен тон и чиста интонација;
- да придонесува за формирање на личност со позитивни лични одлики;
- да придонесува за развивање на музичката меморија;
- да придонесува за прифаќање и доживување на убавото во музиката;
- да стекнува љубов кон класичната музика;
- да ја доживее убавината на музиката;
- да формира навика и потреба за посета на концерти, оперско-балетски претстави и други музички приредби;
- да формира работна култура;
- да стекнува сознанија за музичката култура на своето опкружување;
- да ја развива креативноста;
- да препознава нотен текст, музички термини и ознаки;
- да развива способност за прецизно интонирање на тонска висина;
- да знае да репродуцира нотен текст (ритмички и мелодиски);
- да го развива внатрешниот слух;
- да ја развие музичката меморија и вниманието;
- да стекне самодоверба во изведувањето на музичкиот текст;
- да го открива и почитува сопственото музичко изразување и да го почитува музичкото изразување на другите;
- да се поттикнува за работа во пар и во група;
- да ги разбира и прифаќа правилата на однесување во индивидуалните и во колективните музички активности.

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО III ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да се запознае со инструментот и неговите карактеристики и изразни можности;
- да се запознае со основните функции на левата и десната рака при свирење;
- да научи да зазема правилно држење на телото при свирењето;
- да се запознае со цели, половини, четвртини, осмини ноти, а по можност и со шеснаестини ноти;
- да се запознае со основните штрихови-деташе, легато;
- да ги совлада сите интервалски односи во I и III позиција -полустепен, цел степен, терца, кварта;
- поставување на прстите на левата рака со растојание од полустепен и цел степен помеѓу празна жица и 1 прст;1 и 2 прст; 2 и 3 прст; 3 и 4 прст во рамките на И позиција
- да развива способност за свирење мелодии и песни со разновидна ритмичко-мелодиска линија;
- да придонесува за негување на култивиран пријатен тон и чиста интонација;
- да развива способност за прецизно интонирање на тонска висина;
- да развива способност за следење интонација од инструмент;
- да развива музичка меморија;
- да покажува интерес за слушање музика, посета на концерти и други приредби;
- да се оспособува за активно, внимателно слушање на музиката;
- да развива чувство за музичка изразност;
- да развива чувство за ритам;
- да стекнува умеење да следи ритам;
- да развива интерес за изведување на спонтани импровизации на кратки музички мотиви;
- да се поттикнува за сопствено музичко изразување.

## 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Тема: МЕЛОДИКА И ТЕХНИКА | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката: | | | |
| -да ги препознава деловите на инструментот виолина;<br>-да ги именува деловите на инструментот виолина;<br>-да ги идентификува деловите на инструментот;<br>-да објаснува за гудалото;<br>-да ги именува деловите на гудалото; | Запознавање со инструментот - виолина | - Делови на виолината:<br>тело;<br>врат;<br>праг;<br>полжав;<br>чивии;<br>ф-отвори;<br>кобилица;<br>горна, странична и долна штица;<br>душица;<br>жици;<br>кордер (жичник);<br>-гудало: дрво, струни, жабица | - Анализа на деловите на инструментот преку разговор;<br>- демонстрирање на правилно поставување на десната рака при што ќе му се објасни на ученикот функцијата и местото на секој прст поединечно;<br>- може во почетокот да се применува вежба со тоа што ученикот место гудало, во десната рака ќе држи молив. |
| - да се приспособува за правилно поставување на телото и држење на виолината со левата рака;<br>-да ја користи правилно десната рака при свирење на виолина;<br>- да се приспособува за правилно поставување и држење на гудалото со десната рака;<br>- да го употребува правилно гудалото при свирење;<br>- да го користи правилно палецот при свирењето; | -Технички вежби за ослободување на десната и левата рака<br>-Правилно поставување и држење на десната и левата рака | - Рамо<br>- Лакт<br>- Китка<br>- Прсти<br>- Палец | - Вежби за движење на десната рака на различни делови од гудалото (средина, долна половина, горна половина);<br>- вежбите да започнат со помали нотни вредности на средина на гудалото и постепено нотните вредности ќе се зголемуваат.<br><br>- На почеток левата рака ќе биде поставена до телото на виолината, а потоа ќе се пренесе на вратот на виолината при што посебно треба |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да демонстрира правилно псставување на палецот;<br>-да ја користи раката за премини од жица на жица;<br>- да се приспособува за влечење на гудалото по сите жици во цели ноти, половини и четвртини, осмини (по можност и шеснаестини);<br>- да ја користи правилно поставена левата рака;<br>- да ги ослободи прстите на левата рака, особено палецот;<br>- да се приспособува за лесно движење на прстите;<br>- да користи вежби за секој прст одделно; | | | да се внимава да нема притисок со палецот.<br><br>- При поставување на прстите од левата рака да се користи вежба со спуштање и кревање на прстите со нивната сопствена тежина. |
| - да дискутира за музичката писменост;<br>- да објаснува за скала;<br>- да развива способност за прецизно интонирање на тоновите од основната скала;<br>- да се приспособува за свирење по ноти; | - Музичка писменост (звук, тон, имињата на тоновите (до, ре, ми, фа, сол, ла, си, до), петтолиние, виолински клуч, нота, помошна линија, скала | - Звук<br>- Тон<br>- Имињата на тоновите (до, ре, ми, фа, сол, ла, си, до)<br>- Петтолиние<br>- Виолински клуч<br>- Нота<br>- Помошна линија<br>- Скала | - Посетување на јавни часови и концерти на ученици, како и други манифестации и дискусија за стекнатите впечатоци од виденото;<br>- воочување на разликите меѓу звук и тон преку демонстрација на разновидни примери (звуците од природата и околината и музичките тонови – пеење, звучење на инструменти и музички фрагменти).<br>- Свирење кратки вежби<br>- Свирење на скали во две октави со примена на цели, половини и четвртини ноти, а по можност и во осмини и шеснаестини. |
| -да демнострира свирење на скали во две октави во цели, половини и четвртини ноти, а по можност и во осмини и шеснаестини;<br>- да демонстрира свирење на кратки композиции;<br>- да развива музички слух;<br>- да користи елементи на правилна интерпретација при свирење песни и вежби;<br>- да развива способност за | -Свирење скали (Д-дур, А- дур, Г-дур) во две октави во цели, половини и четвртини ноти, а по можност и во осмини и шеснаестини<br>- Два трозвука<br>- Свирење кратки композиции по избор. | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| мемoрирање на мелодија и нотен текст на зададена композиција;<br>- да ја разбира содржината и карактерот на композицијата; | | | |
| - да ги разликува динамичкити нијансирања при слушањето и интерпретирањето на копозициите во динамика:тивко-пијано(п) силно – форте (ф); Крешендо и Диминуендо | - Свирење и слушање композиции со примена на динамичко нијансирање: тивко-пијано(п) силно-форте (ф); | - Тивко-пијано(п)<br>- Силно-форте (ф);<br>-Крешендо <<br>-Диминуендо > | - Доживување и воочување на јачината и брзината во музиката преку слушање музика, пеење и свирење. |
| - да ги разликува темпата при слушање и интерпретирање на музиката; | - Свирење и слушање композиции во различни темпа | - Брзо<br>- Бавно<br>- Побрзо<br>- Побавно | |
| - да разликува високи и ниски тонови;<br>-да споредува мелодиско движење нагоре - надолу;<br>-да објаснува за знаците за повторување; | - Свирење вежби и лесни композиции со знак за повторување | - Знак за повторување | - Свирење на полесни композиции со примена на знак за повторување.<br>- Свирење на зададена композиција со именување на тоновите. |
| -да се приспособува за свирење на повишувалки и снижувалки во лесни композиции и вежби; | - Свирење вежби и лесни композиции со повишувалки и снижувалки | - Повишувалки<br>- Снижувалки | |
| - да разликува полустепени и цели степени;<br>- да се приспособува за употреба на свирење на лесни комозиции со цели степени и полустепени; | - Вежби и лесни композиции со растојание од полустепен и цел степен помеѓу празна жица и 1 прст;1 и 2 прст; 2 и 3 прст; 3 и 4 прст | - Цели степени<br>- Полустепени | - Свирење на лесни вежби и композиции со растојание од полустепен и цел степен помеѓу празна жица и 1 прст;1 и 2 прст; 2 и 3 прст; 3 и 4 прст |
| - да развива внатрешен музички слух;<br>- да развива чувство за | - Свирење на композиции во групи | - Свирење во групи | - Пеење и свирење по слух мелодиски модели - солфежирање на елементарни мелодиски модели (појаснување на нотниот текст, читање парлато, солфежирање; со акцент на правилно тактирање). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| заедничко свирење и свирење во групи. | | | |

**Тема: РИТМИКА**

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| Ученикот/ученичката:<br>- да развива чувство за ритам;<br>- да се приспособува да применува рамномерна пулсација;<br>- да покажува правилно броење и тактирање;<br>- да развива чувство за дводелност и триделност;<br>- да разликува дводелен и троделен метар; | - Рамномерна пулсација<br>- Дводелност (броење еден-два) и триделност (броење еден-два-три) | - Пулсација | - Свирење на цели, половини и четвртини ноти и истовремено броење на глас.<br><br>- Свирење на вежби со комбинации од различни нотни вредности, при што се внимава на правилната распределба на гудалото.<br><br>- Свирење на пократки нотни вредности (четвртини, осмини, а по можност и шеснаестини на различни делови од гудалото). |
| - да разликува различно траење на тоновите во музиката;<br>- да ги препознава нотните вредности и вредностите на паузите;<br>- да ги користи нотните вредности и вредностите на паузите; | - Траење на тоновите<br><br>- Нотни вредности:<br>. цела нота<br>половина нота<br>четвртина нота<br>осмина нота<br><br>. цела пауза<br>половина пауза<br>четвртина пауза<br>осмина пауза | - Цела нота<br>- Половина нота<br>- Четвртина нота<br>- Осмина нота<br><br>- Цела пауза<br>- Половина пауза<br>- Четвртина пауза<br>- Осмина пауза | - Совладување на нотните вредности и паузи преку слики и апликации.<br><br>- Воочување на тактот врз основа на зададениот материјал за 2-делност и 3-делност.<br>- Читање на зададениот материјал со тактирање. |
| - да го препознава тактот во нотниот текст;<br><br>- да се приспособува за ритмичко читање на нотниот текст; | - Такт (2/4, 3/4 и 4/4 )<br><br>- Ритмичко читање на нотен текст (парлато) | - Парлато | - Свирење на елементарни ритмички модели (запишани на една линија) на инструментот – ритмички. Пред да се отсвири, моделот може да се изговори парлато на неутрален слог ,,та" со тактирање. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да развива способност за прецизно изведување на ритамот. | | - Такт (2/4, 3/4 и 4/4 ) | |

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Со оглед на возраста на учениците, часот по виолина треба да вклучува различни видови на музички активности.

Се препорачува слушање музика во изведба на наставникот (примери од класична музика, композиции за деца од типот на детски албуми, музика од други стилови и жанрови) и снимена, за воочување на нејзиниот карактер и изразните средства, како и за доживување и совладување на наставните содржини.

Учениците треба да се навикнуваат на свирење по ноти со почитување на сите ознаки (темпо, динамика), со израз и правилно фразирање со чувствување на ритамот.

За пoсликовито претставување на висината на тоновите и нивното попрецизно интонирање да се применува пеење на нотниот текст.

Се препорачува посета на концерти низ целата учебна година, како и слушање на разновидна музика, а особено на композициите кои ќе се исполнуваат.

- **Наставни средства:**
  - музички инструмент – виолина;
  - учебници : Д. Марковиќ, Родионов, Сузуки, Ј. Јорданова или слични почетни школи по избор на наставникот;
  - аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД- плеер, видеоплеер, компјутер);
  - дидактички средства и материјали;
  - Интернет, образовни софтвери.

## 5. МИНИМАЛЕН ОБЕМ НА ГРАДИВО КОЕ УЧЕНИКОТ ВО III ОДДЕЛЕНИЕ ТРЕБА ДА ГО СОВЛАДА ВО ТЕКОТ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА:

- 4-5 дурски и молски скали со трозвуци во 1 октава;
- 1-2 скали во 2 октави со трозвуци во 2 октави;
- 10-12 етиди;
- 6-8 композиции (песни).

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за музичкото изразување, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа.

При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава кон индивидуалниот пристап во постигањата на секое поединечно дете.

Во текот на наставата редовно се следи развојот на секој ученик. На крајот од годината се организира јавен час отворен за родителите и другите наставници на кој учениците би имале можност да ги претстават активностите застапени во текот на учебната година и своите постигања.

- Оценувањето е описно со краток опис.

На крајот на учебната година ученикот полага испит со следната испитна програма:

**- скала во две октави и два трозвука;**
**- четири кратки етиди со различен карактер;**
**- две кратки композиции по избор на наставникот;**

**или:**

**- скала во две октави и два трозвука;**
**- две етиди со различен карактер;**
**- концертино или**
**1 или 2 и 3 став од концерт по избор на наставникот.**

**Учениците кај кои наставникот проценил вонреден талент, музикалитет и способност може да свират испитна програма предвидена за повисоките одделенија.**

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализацијата се темели на нормативот донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во втора година може да ја изведува лице кое завршило:
- факултет за музичка уметност, студиска програма виолина и стекнат назив дипломиран виолинист;
- факултет за музичка уметност, студиска програма виола и стекнат назив дипломиран виолист.

**Изготвил:** работна група формирана со решение бр. 02-1230/1 од 09.04.2010 година,
координатор Анкица Витанова, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје

**Контролирал:** д-р Насе Кондовски, раководител на одделение во Бирото

**Одобрил:** м-р Митко Чешларов, раководител на сектор во Бирото.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
КАБИНЕТ НА МИНИСТЕРОТ
Бр. 07-6471/18
15. 10. 2010 год.
СКОПЈЕ

## 9. ПОТПИС И ДАТУМ НА УТВРДУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по предметот ***виолина*** за III одделение на деветгодишното основно музичко образование на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди:

на ден 15.10.2010
Скопје

**Министер**

**Никола Тодоров**